# ИЗВЕШТАЈ за РАБОТА
# во 2023 година

Здружение за застапување, спроведување и поддршка на решенија со кои луѓето ќе бидат подобро поврзани со природата НАТУРА МК Скопје

Скопје
25.02.2024 г.

Натура МК

# СОДРЖИНА

1. За Здружението ........ 3

Визија ........ 3

Мисија ........ 3

Области на делување........ 3

Оганизациска структура........ 3

2. Реализирани проекти и активности во 2022........ 4

**Проект „Граѓанска наука во служба на заштита на биодиверзитетот"........ 4**

**Консултантски ангажман за ПОНТ - Feasibility study on enhancing connectivity conservation in the PONT Focus Region: Albania and North Macedonia ........ Error! Bookmark not defined.**

3. Финансиско работење во 2021 година........ 4

Биланс на приходи ........ 4

# 1. За Здружението

Натура МК е непрофитно здружение на граѓани, основано во 2018 година од група ентузијасти која го гради своето искуство првично преку индивидуалните искуства на своите членови. Организацијата е во тесна соработка со локални партнерски организации, здруженија, фондации и институции и е активна на локално ниво, како и на национално ниво во соработка со релевантните државни институции.

## Визија

Да создаде поинаков свет во кој луѓето живеат во хармонија со природата.

## Мисија

Да застапува, спроведува и поддржува решенија со кои луѓето ќе бидат подобро поврзани со природата.

## Области на делување

- Зајакнување на капацитетите за одржливо користење и заштита на природните ресурси;
- Спроведување на истражувања, анализи и студии;
- Лобирање и застапување;
- Унапредување на рурален развој и алтернативен туризам;
- Промоција и унапредување на екологијата, спортот и образованието;
- Поттикнување на филантропијата и волонтерството.

## Оганизациска структура

Организацијата моментално брои 14 членови со диверзифицирано искуство, 8 волонтери и по потреба ангажирани лица за поддршка во одржување на видливоста и финансиското работење.

Со Здружението управуваат Собранието, Надзорниот Одбор и Претседателот. Собранието е највисок орган на здружението и извршува работи кои се во согласност со Статутот и со општите акти на организацијата. Претседателот на Здружението законски ја застапува организацијата, додека Надзорниот Одбор составен е од три члена кои за својата работа одговараат пред Собранието на здружението и во секое време ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна. Натура МК има едно постојано вработено лице кое го координира спроведувањето на тековните проектни активности со поддршка на уште неколку лица кои се ангажираат по потреба.

Натура МК

## 2. Реализирани проекти и активности во 2023

**Консултантски услуги за проект „Столарска едукативна работилница за намалување на отпадот од индустријата за мебел во Скопје“**

Во 2023 Натура МК спроведе активности за еден проект, „Столарска едукативна работилница за намалување на отпадот од индустријата за мебел во Скопје“ за потребите на Здружението на граѓани Центар за одржливи иницијативи – Скопје. Во склоп на проектот беа спроведени анкети за успешноста на резултатите на проектот, а извештаите беа доставени до ГЕФ ПМГ РСМ.

## 3. Финансиско работење во 2023 година

Основен извор на приходи во 2023 година со кои се остваруваат целите на Здружението се консултански услуги. Вкупниот приход во 2023 година е остварен со цел да се спроведат проектни активности и изнесува 35.404 денари.

### Биланс на приходи

| | 2023 | 2022 | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно приходи** | **35.404** | **576.781** | **3.208.925** | **425.494** | **117.458** |

* износите се изразени во денари (МКД)

**Адреса**
Бул. Видое Смилевски Бато бр.39/26
1000 Скопје, Р С Македонија

contact @ naturamk.org
www.naturamk.org